Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 25.09.2018 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4227 | 1 | |


# ПРВ
# Извештај за медиумското покривање на Референдумот 2018

# 10-18.09.2018

## Методолошки напомени

Упатството за медиумско претставување за време на референдум ја определува и рамката во која Агенцијата го спроведува мониторингот на известувањето на радиодифузерите во врска со референдумот.

Мониторингот трае од 10 до 30 септември со тоа што првите 18 дена се анализира медиумското претставување од активностите и ставовите преку кои различни субјекти настојуваат да ги убедат граѓаните во тоа што е најисправно да направат со своето гласачко право на денот на референдумот.

На 28, 29 и 30 септември се мониторира почитувањето на референдумскиот молк.

Овој извештај се однесува на првите девет дена од мониторингот на медиумското претставување односно, ги покажува наодите за начинот на кој се известуваше за референдумските теми во дневно-информативните емисии, во информативните програми, во интервјуата и дебатите во периодот од 10 до 18 септември 2018 година.

Со примерокот се опфатени по два телевизиски и радио канали на Јавниот радиодифузен сервис (Македонско радио 1, Македонско радио Програма на албански јазик, МРТ1 и МРТ2 – Програма на албански јазик), сите телевизии со дозвола за емитување на државно ниво без оглед на средството на пренос (терестријалните - Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма; сателитските - 24 Вести, Сонце и Наша; и кабелските - 1 ТВ, Компани 21-М, Клан Македонија и Шења) Од националните приватни радија со примерокот е опфатен Канал 77 зашто другите две немаат информативна програма.

Анализирана беше вкупната 24-часовна програма со акцент на централната дневно-информативна емисија и другите програми во кои се третираше референдумот.

Во вестите се анализираат сите прилози без настаните од светот (освен доколку не се однесуваа на Македонија) спортот, временската прогноза и генералната најава. Притоа информациите за референдумот беа распределувани во четири методолошки категории „Референдум – ЗА“, „Референдум – ПРОТИВ“, “Референдум – БОЈКОТ“, „Други прилози во врска со референдумот“, а сите останати прилози влегуваа во категоријата „Други теми (што не се поврзани со референдумот)“.

Кодирањето на прилозите во вестите, нужно ги одразува карактеристиките на општествената дебата за референдумот и позициите на субјектите кои учествуваа во неа. Голем дел од настаните и ставовите многу повеќе се однесуваа на содржината на Договорот од Преспа, на формулацијата на референдумското прашање, на значењето на Европската Унија и на НАТО за Република Македонија и сл. Како што е познато, ретко кој од јавните личности се изјасни јавно дека ќе одговори „ПРОТИВ“ на референдумското прашање, па дури и во вакви случаи се потенцираше дека тие се „ЗА“ ЕУ и НАТО, но “ПРОТИВ“ Договорот. Директна агитација да се гласа „ЗА“ имаше пред се во прилозите за активностите на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“, односно вакви ставови имаше многу помалку отколку повици за успех на референдумот од аспект на неговото значење за иднината на земјата - што го отежнуваше кодирањето. Малку беа присутни и информации за активности и ставови за „БОЈКОТ“ на референдумот, главно од Кризниот штаб „Македонија бојкотира“ и Партијата Левица. Оттаму, најголемиот дел од прилозите влегоа во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“ која ги инкорпорира и ставот на ВМРО ДПМНЕ дека граѓаните на 30 септември треба самите да одлучат како да постапат во однос на референдумот; и најголемиот број од информациите за посетите на странските дипломати кои ретко кога отворено повикуваа да се гласа „ЗА“; и изјавите на претставниците на Владата дадени во рамките на извештаите од тие посети; и меѓусебните обвинувања на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ за содржината на Договорот од Преспа, за некои од изјавите на премиерот Зоран Заев на средбите со граѓаните и сл.

## Клучни наоди

Резултатите од мониторингот на известувањето на радиодифузерите што емитуваат програма на државно ниво во првите девет дена, покажуваат дека во услови кога немаше јасни и еднакво активни линии на агитација („ЗА“ наспроти „ПРОТИВ“ и/или „БОЈКОТ“) беше тешко радиодифузерите да се потпрат на известувањето од настаните за да ѝ обезбедат на публиката разновидност на гледиштата.

Оттаму, посветеноста на некои од нив кон начелото еднакво да ги третираат различните гледишта може да се забележи во подготвеноста, во вестите да понудат ставови на аналитичари, политиколози, историчари, експерти во други релевантни области кои ќе им овозможат на граѓаните поцелосен и продлабочен увид во прашањата кои треба да ги имаат предвид за да донесат информирана одлука за референдумот.

Структура на вестите по теми-ТВ 10-18.09.2018



Структура на вестите по теми-РА 10-18.09.2018




Други медиуми, недостигот на разновидни гледишта во вестите го надополнуваа во посебните информативни програми каде настојуваа да обезбедат соговорници со спротивставени ставови.

Кај третата група медиуми, разновидноста на ставовите недостигаше и во вестите и во посебните информативни емисии.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ 1)

***Дневно-информативни емисии***

Со мониторингот на медиумското покривање на референдумот во периодот од 10 до 18 септември 2018 година, беа опфатени девет изданија на вестите на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, емитувани во 19.30 часот (Дневник 2). Вкупното времетраење на анализираните прилози е 3 часа 15 минути и 46 секунди. Жанровски доминираат извештаите, а следуваат вести, изјави, соопштенија.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со одредница да се одговори „ЗА" на референдумското прашање МРТ1 одвои 35 минути и 28 секунди или без малку една петтина (18%) од вкупното време на анализираните прилози. Активностите на субјектите коишто го застапуваат ставот „Бојкотирам" беа проследени со вкупно времетраење од 5 минути и 4 секунди (информација од протестот на здружението „Протестирам" пред МАНУ, информации од прес-конференции на Светскиот македонски конгрес и Левица). Временски најзастапени се прилозите од методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот", којашто зафаќа нешто повеќе од една третина (1 час и 13 минути) од вкупното време на анализираните прилози во вестите. Во рамки на оваа категорија, речиси подеднаков простор (по околу 21 минута) е одвоен за активностите на најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ и на странските политичари. Прилозите во кои субјект е ВМРО ДПМНЕ пред сé се поврзани со нивниот став секој граѓанин на претстојниот референдум да постапи по сопствено убедување и на изјавите за штетните последици од Спогодбата од Преспа. Странските политичари се присутни преку информациите за средбите што ги имаа со владините претставници на кои повикуваа да се оствари гласачкото право.

„Другите теми што не се поврзани со референдумот" во вестите од 19.30 часот се застапени со вкупно времетраење од 1 час 21 минута и 56 секунди. Меѓу нив најмногу време (22 минути и 30 секунди) е одвоено за прилозите за редовните активности на владините претставници (неповрзани со референдумот).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми<br>Тема | МРТ 1<br>Траење | <br>Процент |
|---|---|---|
| Референдум - ЗА | | |
| Други субјекти | 00:04:41 | 13,20% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија" | 00:14:53 | 41,96% |
| Алијанса на Албанците | 00:02:00 | 5,64% |
| Беса (Билал Касами) | 00:02:03 | 5,78% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:54 | 8,18% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:01 | 5,69% |
| Влада на РМ | 00:03:20 | 9,40% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:45 | 4,93% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:01:05 | 3,05% |
| СДСМ | 00:00:46 | 2,16% |
| Вкупно за тема: | 00:35:28 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Граѓански сектор | 00:04:11 | 82,57% |
| Левица | 00:00:53 | 17,43% |
| Вкупно за тема: | 00:05:04 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Граѓанска иницијатива „Зачекори напред" | 00:01:34 | 2,14% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:44 | 28,29% |
| Други субјекти | 00:04:42 | 6,41% |
| Собрание на РМ | 00:01:36 | 2,18% |
| ДИК и други органи | 00:03:05 | 4,21% |

| | | |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:16:46 | 22,87% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:31 | 27,99% |
| Граѓански сектор | 00:02:06 | 2,86% |
| СДСМ | 00:01:28 | 2,00% |
| Претседател на РМ | 00:00:46 | 1,05% |
| Вкупно за тема: | 01:13:18 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Претседател на РМ | 00:02:11 | 2,66% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:06 | 7,45% |
| Влада на РМ | 00:22:30 | 27,46% |
| Граѓански сектор | 00:02:01 | 2,46% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:05 | 13,53% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:19 | 5,27% |
| Јавно обвинителство | 00:01:46 | 2,16% |
| Други субјекти | 00:13:43 | 16,74% |
| Судство | 00:02:06 | 2,56% |
| Граѓани | 00:03:31 | 4,29% |
| Локална самоуправа | 00:08:33 | 10,44% |
| Експерти/аналитичари | 00:02:05 | 2,54% |
| Специјално обвинителство | 00:01:33 | 1,89% |
| СДСМ | 00:00:27 | 0,55% |
| Вкупно за тема: | 01:21:56 | 100% |
| **Вкупно:** | **03:15:46** | |

Во вкупното времетраење на директните обраќања коишто се однесуваат исклучиво на прилозите поврзани непосредно или посредно со референдумот (50 минути и 34 секунди), временски речиси подеднаков простор е одвоен на три субјекти: ВМРО ДПМНЕ (10 минути и 32 секунди), Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (10 минути и 3 секунди) и за странските политичари (10 минути и 3 секунди), коишто заедно зафаќаат три петтини од вкупното време на директните обраќања. Позначителен простор за изворно обраќање до гледачите е одвоен и на владините претставници (7 минути и 3 секунди), а по временската застапеност следуваат претставниците на граѓанскиот сектор (2 минути и 17 секунди), субјектите кодирани како „други субјекти“ (1 минута и 55 секунди), ДУИ (1 минута и 43 секунди), Алијанса на Албанците (1 минута и 25 секунди) итн.

Треба да се потенцира дека почнувајќи од 10 септември, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, изданието на вестите од 17.00 часот (Дневник 1) го направи достапно и за лицата со оштетен слух, што е во согласност со препораките дадени во Упатството за медиумско претставување за време на референдум, јавниот сервис, најмалку една дневно-информативна емисија, емитувана во ударен термин, да ја направи достапна за лицата со овој вид сетилна попреченост. Претходно, на знаковен јазик беа преведувани вестите емитувани во 15.00 часот.

## ***<u>Дебати</u>***

Во првиот извештаен период, во рамки на серијалот дебатни емисии под наслов „Референдум 2018“, премиерно се емитуваа 4 дебатни соочувања и по едно репризно издание на две од дебатите. Во две од дебатните емисии ставовите ги сопоставија претставници на двете најголеми партии, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, коишто застапуваат различни погледи врзани околу претстојниот референдум и околу постигнатиот договор со Грција. Во една од дебатните емисии, простор беше одвоен и за претставниците кои се со став за бојкот на референдумот, а со сопоставени ставови дебатираа и двајца аналитичари, со коишто беше реализирано едно од изданијата на емисијата. Сите дебатни емисии беа емитувани и со превод на знаковен јазик, со што беа достапни за лицата со оштетен слух.

### *Интервју*

Во рамки на емисијата под работен наслов „Референдум 2018“ беше емитувано интервју со пратеникот од СДСМ, Мухамед Зеќири. Емисијата била замислена како дебатна, во којашто требало да гостува и претставник на ВМРО ДПМНЕ. Како што појасни водителот на емисијата, најавениот гостин од ВМРО ДПМНЕ го откажал учеството, а партијата на негово место понудила друг да учествува во дебатата. Во согласност со претходно утврдените и објавени интерни принципи на МРТ 1, како што појаснува водителот, телевизијата не ја прифатила замената и истакнува дека истото би се случило и доколку во иднина СДСМ го замени првично договорениот претставник.

### *Информативна програма*

На 17 септември, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, во утринскиот програмски појас, во живо ги емитуваше обраќањата на премиерот Зоран Заев, еврокомесарот Јоханес Хан и на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите Харлем Дезир, од отворањето на Конференцијата за земјите од Западен Балкан „Денови на медиумите“, којашто се одржуваше во Скопје. МРТ 1 со цел во живо да ги пренесува говорите, порано од вообичаеното ја заврши редовната емисија „Македонија наутро“. Наредниот ден, исто во утринскиот програмски појас, во живо беше емитувана прес-конференцијата на претседателот на Владата, Зоран Заев и на еврокомесарот Јоханес Хан.

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ 2)

### *Дневно-информативни емисии*

Специфика на централниот ТВ Дневник, емитуван во периодот од 10 до 18 септември 2018 година со почеток од 18 часот и 30 минути, произлезена споредбено со дневно-информативните емисии пред сè на комерцијалните национални телевизии, е тоа што информативната редакција на МРТ2 од вкупно 5 часа дневни информации - одвои дури 1 час и 15 минути за организираните облици на референдумската кампања во прилог на опцијата за позитивен исход од Референдумот. Статистичките детали, пак, за застапеноста на политичките и на граѓанските субјекти, но и на владини претставници во споменатото информативно време, составено најчесто од екстензивни извештаи од партиски собири, покажуваат дека новинарски интензивно била следена теренската кампања на албанскиот политички фактор, како активен дел од коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“, што пред граѓаните ја презентираше експлицитната поддршка на Преспанскиот договор.

Со еднаков информативен приод што резултираше со времетраење од близу 2 часа вести и извештаи, беа проследени и темите и настаните непосредно поврзани со Референдумот, а главно произлезени од интензивната соработка на Владата и на бројни релевантни претставници на меѓународната заедница, со заеднички апел до македонските граѓани да го почитуваат сопственото демократско право на глас. Оваа информативна минутажа го опфаќа и времето за реакциите на опозициската ВМРО ДПМНЕ, било како директна осуда на политиките на Владата и директно на премиерот Заев, било како континуирани извештаи за внатрепартиските несогласувања во врска со Референдумот, односно кон аспекти од Преспанскиот договор.

Третата тематска област во ТВ Дневникот на МРТ2 ги обединува сите редовни информативни прилози од македонското секојдневие, најчесто формулирани како граѓански или како партиски реакции на владините економски и социјално-здравствени политики, или на политиките, настаните и случувањата на локалната самоуправа.

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | МРТ 2 | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Алијанса на Албанците | 00:04:47 | 6,40% |
| Беса (Билал Касами) | 00:05:22 | 7,18% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија" | 00:44:31 | 59,57% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:32 | 7,40% |
| Собрание на РМ | 00:02:30 | 3,35% |
| Граѓански сектор | 00:01:17 | 1,72% |
| Влада на РМ | 00:02:38 | 3,52% |
| Други субјекти | 00:02:10 | 2,90% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:29 | 3,32% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:01:21 | 1,81% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:37 | 0,83% |
| СДСМ | 00:01:30 | 2,01% |
| | Вкупно за тема: 01:14:44 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Левица | 00:01:51 | 18,08% |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира" | 00:04:19 | 42,18% |
| Граѓански сектор | 00:04:04 | 39,74% |
| | Вкупно за тема: 00:10:14 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Експерти/аналитичари | 00:09:44 | 8,28% |
| Граѓански сектор | 00:07:08 | 6,06% |
| Други субјекти | 00:09:48 | 8,33% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:42 | 26,10% |
| Влада на РМ | 00:24:53 | 21,16% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:18 | 18,96% |
| Собрание на РМ | 00:01:18 | 1,11% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:14 | 3,60% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:37 | 0,52% |
| Беса (Билал Касами) | 00:01:20 | 1,13% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:00:24 | 0,34% |
| ДИК и други органи | 00:02:06 | 1,79% |
| Левица | 00:00:55 | 0,78% |
| Алијанса на Албанците | 00:00:13 | 0,18% |
| Претседател на РМ | 00:00:43 | 0,61% |
| СДСМ | 00:01:14 | 1,05% |
| | Вкупно за тема: 01:57:37 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Други субјекти | 00:14:56 | 15,59% |
| Специјално обвинителство | 00:07:18 | 7,62% |
| Локална самоуправа | 00:07:12 | 7,52% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:45 | 0,78% |
| Влада на РМ | 00:35:39 | 37,23% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:40 | 6,96% |
| Граѓански сектор | 00:00:39 | 0,68% |
| Јавно обвинителство | 00:03:01 | 3,15% |
| Судство | 00:03:35 | 3,74% |
| Експерти/аналитичари | 00:05:50 | 6,09% |
| Граѓани | 00:06:21 | 6,63% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:46 | 1,84% |

| | | |
|---|---|---|
| Без субјекти | 00:01:04 | 1,11% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:00 | 1,04% |
| | Вкупно за тема: 01:35:46 | 100% |
| | **Вкупно: 04:58:21** | |

Значително време, од обемните информативни прилози, најчесто поврзани со кампањата за позитивен исход на Референдумот, беше отстапено и за т.н. – „директни обраќања", односно, описно речено – време за тонска илустрација, составена од цитати на експонираните политичари ангажирани околу референдумската агитација. Од вкупно – 1 час и 14 минути „директни обраќања", како информативно порепрезентативни можат да се издвојат – 20 минути посветени на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија", потоа 10 минути за изјави на претставници на меѓународната заедница, 9 минути за министри или за премиерот на македонската Влада, и 9 минути за разногласието во опозициската ВМРО ДПМНЕ.

***Дебати***

Во првите девет дена од мониторингот (од 10 до 18 септември 2018 година), евидентирани се две дебатни емисии поврзани со темата – Референдум: Дитмире Шеху и Енвер Салиху, членови на Државната изборна комисија дебатираа за организациските аспекти на актуелниот политички процес, а партиско-политичка дебата, по повод Преспанскиот договор како централна референдумска содржина, водеа Бујаре Ајази (Алијанса за Албанците), Арбр Адеми (ДУИ) и Кастриот Реџепи (БЕСА, лидерство на Касами), а во емисијата биле поканети но не присуствувале претставници од СДСМ и од ДПА.

***Интервјуа***

Две интервјуа (не)посредно поврзани со Референдумот, беа емитувани на 11 и на 13 септември: Талат Џафери, претседателот на Собранието ги образложуваше своите побуди и ставови за недвојбена поддршка на Референдумот, а бизнисменот Миљаим Ахмети ги допре економските аспекти од централната општествено-политичка тема за овој период.

## Македонско радио – Прв програмски сервис (МР 1)

***Дневно-информативни емисии***

Анализата се однесува на осум изданија на централната дневно-информативна емисија „Пладневен весник", емитувана во 15.30 часот и едно издание на дневно-информативната емисија „Дневни новости", што во недела, во 14.00 часот, се емитува на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Вкупното времетраење на прилозите што се предмет на мониторинг во деветте денови од извештајниот период е 3 часа 18 минути и 52 секунди. Извештаите и вестите жанровски се најзастапени во анализираните дневно-информативни емисии, а емитувани се соопштенија, изјави и др.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со одредница да се одговори „За" на референдумското прашање се одвоени 33 минути и 22 секунди. Активностите на субјектите коишто го застапуваат ставот „Бојкотирам" беа проследени со вкупно времетраење од 10 минути и 16 секунди. Медиумот известуваше за активностите на субјектите обединети под мотото „Македонија бојкотира", за активностите на политичкиот субјект Левица, проследен беше протестот на здружението „Протестирам" пред МАНУ, а информираше и за активностите на Светскиот македонски конгрес во насока на бојкот на референдумот. Меѓу четирите методолошки категории коишто се дел од вестите на Првиот сервис на Македонското радио, временски најзастапена е „Други прилози во врска со референдумот", којашто зафаќа околу две петтини (1 час 18 минути и 32 секунди) од вкупното време на анализираните прилози во вестите. Во рамки на оваа категорија, повеќе од 3/4 од нејзиното време е одвоено за активностите на три субјекти:

ВМРО ДПМНЕ (24 минути и 18 секунди), пред сè во насока на презентирање на јавно искажаниот партиски став, секој граѓанин на претстојниот референдум да постапи по сопствено убедување и запознавањето на јавноста со штетните последици од потпишаниот договор, потоа субјектот „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“ (19 минути и 37 секунди) како резултат на информациите за засилените посети на странските дипломати кои повикуваа да се оствари гласачкото право и Владата како трет субјект (16 минути и 53 секунди), најчесто како дел од прилозите поврзани со посетите на странските политичари.

„Другите теми што не се поврзани со референдумот“ се застапени со вкупно времетраење од 1 час 16 минути и 42 секунди. Прилозите за редовните активности на владините претставници (неповрзани со референдумот) се најзастапени во оваа категорија и зафаќаат нешто повеќе од една четвртина од нејзиното вкупно времетраење.

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | МР 1 | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| **Референдум - ЗА** | | |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:20:32 | 61,54% |
| Беса (Билал Касами) | 00:01:25 | 4,25% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:28 | 1,40% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:00 | 8,99% |
| Влада на РМ | 00:02:49 | 8,44% |
| Други субјекти | 00:01:03 | 3,15% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:00 | 5,99% |
| Алијанса на Албанците | 00:00:49 | 2,45% |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:38 | 1,90% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:00:38 | 1,90% |
| Вкупно за тема: | 00:33:22 | 100% |
| **Референдум - БОЈКОТ** | | |
| Левица | 00:01:33 | 15,10% |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира“ | 00:04:05 | 39,77% |
| Граѓански сектор | 00:04:38 | 45,13% |
| Вкупно за тема: | 00:10:16 | 100% |
| **Други прилози во врска со референдумот** | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:37 | 24,98% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:24:18 | 30,94% |
| Влада на РМ | 00:16:53 | 21,50% |
| Собрание на РМ | 00:02:00 | 2,55% |
| ДИК и други органи | 00:06:15 | 7,96% |
| Други субјекти | 00:04:30 | 5,73% |
| Граѓанска иницијатива „Зачекори напред“ | 00:01:39 | 2,10% |
| Граѓански сектор | 00:01:37 | 2,06% |
| Претседател на РМ | 00:01:43 | 2,19% |
| Вкупно за тема: | 01:18:32 | 100% |
| **Други теми (што не се поврзани со референдумот)** | | |
| Влада на РМ | 00:20:59 | 27,36% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:28 | 12,34% |
| Граѓански сектор | 00:03:31 | 4,58% |
| Други субјекти | 00:16:38 | 21,69% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:28 | 11,04% |
| Локална самоуправа | 00:03:11 | 4,15% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:48 | 2,35% |
| Судство | 00:05:41 | 7,41% |
| Специјално обвинителство | 00:02:20 | 3,04% |
| Јавно обвинителство | 00:01:52 | 2,43% |
| Експерти/аналитичари | 00:01:58 | 2,56% |

| | | |
|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:00:48 | 1,04% |
| | Вкупно за тема: 01:16:42 | 100% |
| | **Вкупно: 03:18:52** | |

Речиси три петтини од вкупното времетраење на директните обраќања коишто се однесуваат исклучиво на прилозите поврзани непосредно или посредно со референдумот (44 минути и 18 секунди) заземаат обраќањата на два субјекта: ВМРО ДПМНЕ (13 минути и 8 секунди) и Коалицијата што го застапува ставот да се одговори „За" на референдумот „Заедно ЗА европска Македонија" (11 минути и 58 секунди). Според временската застапеност следуваат субјектите Влада на РМ (7 минути и 51 секунда), Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (5 минути и 43 секунди), граѓанскиот сектор – обраќањата на претставници на Светскиот македонски конгрес и здружението „Преродба" кои го застапуваат ставот за бојкот на референдумот (2 минути и 9 секунди) итн.

***Информативна програма***

Во извештајниот период од 10 до 18 септември, во три наврати, делови од изданијата на информативната емисијата „Актуелно" беа непосредно или посредно поврзани со темата референдум и Договорот од Преспа. На 10 септември во рамки на емисијата гостин беше директорот на Институтот за геостратешки планирања и надворешна политика при Министерството за надворешни работи, Абдулкадар Мемеди. Во емисијата од 17 септември, во којашто како тема на емисијата провејува „Зошто да се гласа „за" или зошто да се гласа „против" на претстојниот референдум", емитувано беше излагање на Љубомир Гајдов, член на Центарот за стратешки истражувања при МАНУ, од научната расправа одржана во МАНУ на тема „Спогодбата од Преспа, меѓународно значење и импликации врз евроатлантските интеграции на РМ". Во рамки на истата емисија беа емитувани и обраќањата од прес-конференција на претседателот и на членот на Светскиот македонски конгрес, Тодор Петров и Ефтим Клетников, граѓанско здружение кое го застапува ставот за бојкот на референдумот. На 18 септември, под работен наслов на емисијата „За, против и бојкот на референдумот" се изнесуваа сопоставени ставови во врска со Спогодбата од Преспа потпишана меѓу Македонија и Грција, на поранешниот министер за правда и експерт од областа на правосудството, Михајло Маневски и академик Владо Камбовски. Со Михајло Маневски беше емитувано снимено интервју во рамки на емисијата, а од академик Камбовски беше искористен говорот што го имал во рамки на научната расправа одржана во МАНУ.

## Македонско радио – Програма на албански јазик (МР 3)

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 10 до 18 септември 2018 година, информативната редакција на Македонското радио на албански јазик, настаните и различните гледишта најчесто поврзани со Референдумот по повод т.н. Преспански договор, ги проследи само во радиодневникот од 16 часот, со вкупен обем од 2 часа и 50 минути.

Информативниот третман на организираните облици на референдумската кампања жанровски најчесто се состоеше од вести и од извештаи, со времетраење од – 44 минути, целосно отстапено на застапниците на позитивната референдумска опција. Педесетина минути, од вкупно 1 час и 20 минути информативни прилози за категоријата - „*Други прилози во врска со Референдумот*", главно се однесуваа на владините средби со претставници на меѓународната заедница, во прилог на поддршката за успешно спроведување на претстојното сенародно гласање.

Во преостанатото информативно време од 45 минути се собрани дневните известувања за владините економски и социјални политики, за активности на локалната самоуправа, а често и за адвокатски и за граѓански огласи во врска со судски постапки и одлуки.

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | МР 3 | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Референдум - ЗА** | | |
| Влада на РМ | 00:04:35 | 10,51% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:51 | 11,12% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:13 | 9,67% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:04:51 | 11,12% |
| Беса (Билал Касами) | 00:02:56 | 6,73% |
| Алијанса на Албанците | 00:03:41 | 8,44% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:16:35 | 38,02% |
| НДП - Весел Мемеди | 00:01:10 | 2,67% |
| СДСМ | 00:00:45 | 1,72% |
| Вкупно за тема: | 00:43:37 | 100% |
| **Референдум - БОЈКОТ** | | |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира“ | 00:00:21 | 20,00% |
| Граѓански сектор | 00:00:42 | 40,00% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:42 | 40,00% |
| Вкупно за тема: | 00:01:45 | 100% |
| **Други прилози во врска со референдумот** | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:36 | 34,27% |
| Други субјекти | 00:05:06 | 6,33% |
| Беса (Билал Касами) | 00:01:01 | 1,26% |
| Експерти/аналитичари | 00:02:30 | 3,10% |
| Влада на РМ | 00:22:13 | 27,59% |
| ДИК и други органи | 00:00:38 | 0,79% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:01 | 8,71% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:53 | 4,82% |
| Алијанса на Албанците | 00:01:30 | 1,86% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:30 | 1,86% |
| СДСМ | 00:01:22 | 1,70% |
| Претседател на РМ | 00:00:08 | 0,17% |
| Собрание на РМ | 00:02:19 | 2,88% |
| Граѓански сектор | 00:03:26 | 4,26% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:00:19 | 0,39% |
| Вкупно за тема: | 01:20:32 | 100% |
| **Други теми (што не се поврзани со референдумот)** | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:37 | 10,32% |
| Влада на РМ | 00:14:10 | 31,66% |
| Локална самоуправа | 00:04:40 | 10,43% |
| Други субјекти | 00:10:23 | 23,20% |
| Специјално обвинителство | 00:05:38 | 12,59% |
| Судство | 00:03:29 | 7,78% |
| Експерти/аналитичари | 00:01:14 | 2,76% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:14 | 0,52% |
| Јавно обвинителство | 00:00:20 | 0,74% |
| Вкупно за тема: | 00:44:45 | 100% |
| **Вкупно:** | **02:50:39** | |

Од вкупно 35 минути за тонска илустрација на емитуваните информативни прилози, најмногу т.н. „директни обраќања“ беа отстапени за цитати од претставници на македонската Влада – 8 минути, потоа 6 минути за искази од про-референдумската кампања на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“, 6 минути за претставници на ДУИ, а во овие релативно тесни информативни рамки се сместени и 4 минути тонски цитати за претставници на меѓународната заедница.

## ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

### Терестријални телевизии

### ТВ Алсат – М

***Дневно-информативни емисии***

Мониторингот на медиумското претставување за референдумот, во Вестите на албански јазик на ТВ Алсат-М емитувани во 19 часот, во периодот од 10 до 18 септември 2018, опфати девет дневно-информативни емисии, односно прилози со траење од 3 часа и 41 минута. Од новинарските жанрови, при известувањето медиумот најчесто го користеше извештајот (еднаш има јавување во живо од терен), имаше пренесени изјави од прес-конференции и соопштенија на партии, а ретко емитуваше интервјуа.

Во тематската структура на емитуваните прилози (Табела 1), околу 23 ипол минути се одвоени за прилози со активности/ставови „ЗА", во кои се кодирани и повиците до Албанците од Македонија да гласаат „ЗА" кои дојдоа од политичарите од Албанија и Косово, како и од партиите на Албанците. За активностите за „Бојкот" на референдумот се информираше во текот на 13 секунди.

Најголема по време, од методолошките категории поврзани со референдумот, е „Други прилози во врска со референдумот" во која влегуваат околу 1 час и 20 минути од вкупно анализираните новинарски продукти. Најголемиот дел од ова време (околу 27 минути) се оние прилози за посетите на странските политичари во кои се повикува на успех на референдумот и се говори за перспективите на Македонија во НАТО и ЕУ, но нема повик до граѓаните како да гласаат. Овде спаѓаат и ставовите на Русија и на Грција. Владата како субјект во прилози кодирани во оваа категорија се јавува во текот на 17 минути и 40 секунди. ВМРО ДПМНЕ, со својот став граѓаните на 30 септември да постапат како што тие мислат, како и со изјави од прес конференции, сочинува 12 минути и 24 секунди од времето во прилозите.

Известувањето на ТВ Алсат-М на темите поврзани со референдумот има позитивна рамка која е видлива преку тоа што, најчесто, се пренесуваат ставови за поддршка и успех на референдумот, повици од политичари и професори, академици, експерти (од Албанија, Косово и Македонија) упатени до Албанците во Македонија да гласаат „За" на референдумот, извештаи од настани (трибини, конференции) за важноста на членството на Македонија во евро-атлантските интеграции.

За темите што не се поврзани со каков било аспект на референдумот, ТВ Алсат-М известуваше во прилози со траење од речиси 1 час и 57 минути.

| Табела 1: Структура на субјектите по теми<br>Тема | ТВ Алсат-М<br>Траење | Процент |
|---|---|---|
| Референдум - ЗА | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:39 | 40,89% |
| Други субјекти | 00:04:01 | 17,02% |
| Беса (Билал Касами) | 00:01:28 | 6,21% |
| Алијанса на Албанците | 00:01:28 | 6,21% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:22 | 5,79% |
| Влада на РМ | 00:03:13 | 13,63% |
| Собрание на РМ | 00:01:36 | 6,78% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија" | 00:00:49 | 3,46% |
| Вкупно за тема: | 00:23:36 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира" | 00:00:13 | 100% |
| Вкупно за тема: | 00:00:13 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:17 | 33,99% |
| Експерти/аналитичари | 00:05:12 | 6,48% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:24 | 15,45% |

| | | |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:17:40 | 22,01% |
| Собрание на РМ | 00:04:10 | 5,19% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:52 | 3,57% |
| Претседател на РМ | 00:02:26 | 3,03% |
| Граѓански сектор | 00:02:17 | 2,84% |
| Други субјекти | 00:00:50 | 1,04% |
| ДИК и други органи | 00:01:43 | 2,14% |
| Алијанса на Албанците | 00:00:35 | 0,73% |
| Судство | 00:00:54 | 1,12% |
| СДСМ | 00:00:39 | 0,81% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:17 | 1,60% |
| | Вкупно за тема: 01:20:16 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Други субјекти | 00:28:17 | 24,19% |
| Судство | 00:06:35 | 5,63% |
| Влада на РМ | 00:32:05 | 27,45% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:47 | 3,24% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:28 | 9,81% |
| Локална самоуправа | 00:03:44 | 3,19% |
| Граѓански сектор | 00:07:47 | 6,66% |
| Специјално обвинителство | 00:04:39 | 3,98% |
| Собрание на РМ | 00:01:53 | 1,61% |
| Без субјекти | 00:00:22 | 0,31% |
| Граѓани | 00:05:23 | 4,61% |
| Јавно обвинителство | 00:00:24 | 0,34% |
| Левица | 00:00:12 | 0,17% |
| Експерти/аналитичари | 00:10:18 | 8,81% |
| | Вкупно за тема: 01:56:54 | 100% |
| | **Вкупно: 03:40:59** | |

Во „Вестите“ има едно снимено интервју - со албанскиот професор и историчар П'лумб Џуфи кој ги повикува Албанците масовно да гласаат „За“. Другите директни обраќања произлегуваат од изворно пренесени изјави на субјектите. Директните обраќања траат вкупно 44 минути и 18 секунди од кои: 18 минути за странски субјекти; 9 минути и 13 секунди за претставниците на Владата; 3 минути и 57 секунди за ВМРО ДПМНЕ; 3 минути и 2 секунди за експерти и аналитичари; 2 минути и 35 секунди за различни други субјекти; 2 минути и 31 секунда за ДУИ; 1 минута и 1 секунда за граѓанскиот сектор; 59 секунди за Алијансата на Албанците; 58 секунди за Собранието на РМ; 56 секунди за Беса на Билал Касами; 39 секунди за ДИК и 27 секунди за Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“.

***Информативна програма***

Во две изданија на актуелно-информативната емисија „360 степени“, емитувани во првиот извештаен период, обработени се референдумски теми (Кој не ја зборува вистината за Договорот?; Дали Меркел го убеди Мицковски да не работи на бојкот?; Како членството на ВМРО ДПМНЕ го сфати партискиот став во врска со референдумот?; Каква е атмосферата пред и по политичките собири на карванот „За“?; Какви се хрватските искуства од влезот во ЕУ?; интервјуа со германскиот министер за Европа Михаел Рот и со заменик-помошникот на генералниот секретар на НАТО Џејмс Апатурај). Имаше репризи и на две изданија на политичката сатира „Саботажа“ поврзани со референдумот.

## *Дебати*

Дебати беа организирани во емисиите „360 степени", „200" и „Патот кон...". Во нив Алсат-М настојуваше да обезбеди разновидност на гледишта така што обезбеди соговорници од политичките партии од власта и од опозицијата во Македонија, како и од редовите на аналитичарите кои имаат спротивставени ставови.

# ТВ АЛФА

## *Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од 10 до 18 септември 2018 година, анализирани се девет изданија на Вестите на ТВ Алфа во 17 часот и 30 минути, односно прилози со вкупно траење од околу 4 часа и 17 минути. Жанровски најчест беше коментаторскиот извештај, неретки беа и коментарите и освртите, имаше неколку интервјуа, анкети со граѓани, репортажи, пренесени изјави од прес конференции и соопштенија.

Прилозите во кои се пренесуваат јасно изразени ставови за одговор „За" на референдумското прашање или кои ТВ Алфа ги става во таков контекст, зафаќаат околу 27 ипол минути (Табела 1). Темата за „Бојкот" на референдумот ја има во прилози со вкупно траење од 3 минути, јасен став „Против" нема, а најобемна, со околу 2 часа и 24 минути е методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот". Во неа, најприсутни се информациите од ВМРО ДПМНЕ – 43 ипол минути (за тоа граѓаните сами да одлучат како ќе постапат на 30 септември, но и со критики кон Зоран Заев на референдумски теми). Следни по застапеност, со околу 37 ипол минути, се странските политичари кои ја посетија Република Македонија во анализираниот деветдневен период. Во континуитет се појавуваа коментари и коментаторски извештаи во кои се критикуваше „булдожер дипломатијата" на странските политичари во Македонија при што се пренесуваа изјави од аналитичари - некои со негативен став, а некои со позитивен став за посетите. Едно од прашањата кое се третираше во низа во неколку последователни изданија на Вестите се информациите од „Викиликс" за контрадикцијата на позиции во врска со името на државата на актуелните политичари во 2008 година и сега. Значаен дел од времето за странските субјекти се однесува на прилози во кои се информира за ставовите на грчката Влада за Договорот од Преспа, со опсервација на темата дали власта во соседната земја ќе успее да го обезбеди потребното мнозинство за ратификација на договорот во грчкиот Парламент.

Околу 26 ипол минути се коментарите и освртите со јасно изразена критика кон Спогодбата од Преспа, референдумот, посетите на странските политичари со предреферендумски изјави и премиерот Заев во рамки на активностите на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија". На пример, темата за изјавата на Зоран Заев од средба со граѓаните со повик до сопствениците на компаниите да им исплатат на вработените бонус доколку гласаат на референдумот се реактуелизира во низа преку коментаторски извештаи, изјави од прес конференции, соопштенија, коментари, осврти, репортажа. Притоа, не беше објавен иницијалниот извештај од настанот на кој била дадена изјавата. Владата се појавува со 17 минути и 44 секунди.

Во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот", се појавуваат и субјекти кои во јавноста имаат став „Бојкот", но овде се пренесени нивните изјави во врска со референдумското прашање (Левица) или за посетите на странските политичари (Кризен штаб „Македонија бојкотира").

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ АЛФА | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Други субјекти | 00:05:01 | 18,31% |
| Влада на РМ | 00:09:18 | 33,94% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:54 | 21,53% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:51 | 3,10% |
| Демократски сојуз | 00:01:46 | 6,45% |

| | | |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:01:15 | 4,56% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија" | 00:01:15 | 4,56% |
| Граѓани | 00:01:25 | 5,17% |
| СДСМ | 00:00:39 | 2,37% |
| | Вкупно за тема: 00:27:24 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| ПОДЕМ - Партија на обединети демократи за Македонија | 00:00:51 | 28,33% |
| Граѓански сектор | 00:02:09 | 71,67% |
| | Вкупно за тема: 00:03:00 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Коментар/осврт | 00:26:25 | 18,30% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:43:30 | 30,14% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:37:34 | 26,03% |
| Собрание на РМ | 00:00:14 | 0,16% |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира" | 00:02:01 | 1,40% |
| Влада на РМ | 00:17:44 | 12,29% |
| Други субјекти | 00:07:59 | 5,53% |
| Левица | 00:00:57 | 0,66% |
| Судство | 00:00:47 | 0,54% |
| СДСМ | 00:02:36 | 1,80% |
| Граѓани | 00:02:52 | 1,99% |
| Граѓански сектор | 00:00:54 | 0,62% |
| Експерти/аналитичари | 00:00:46 | 0,53% |
| | Вкупно за тема: 02:24:19 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Други субјекти | 00:13:42 | 16,67% |
| Влада на РМ | 00:21:06 | 25,68% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:12 | 2,68% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:47 | 8,26% |
| Граѓански сектор | 00:05:12 | 6,33% |
| Граѓани | 00:10:12 | 12,41% |
| Локална самоуправа | 00:05:24 | 6,57% |
| Судство | 00:03:17 | 4,00% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:19 | 2,82% |
| Јавно обвинителство | 00:03:29 | 4,24% |
| Коментар/осврт | 00:08:02 | 9,78% |
| Специјално обвинителство | 00:00:28 | 0,57% |
| | Вкупно за тема: 01:22:10 | 100% |
| | **Вкупно: 04:16:53** | |

Емитувани се две интервјуа во живо во Вестите - едното со портпаролот на ВМРО ДПМНЕ Димче Арсовски (во текот на состаноците на Извршниот и на Централниот комитет за утврдување на ставот на партијата во однос на референдумот) и со лидерот на партијата Христијан Мицковски од посетите на Пехчево и Делчево. Во вестите се користеа и делови од интервјуа реализирани во емисијата „Отворено" (со Павле Трајанов од Демократски Сојуз, Александар Николовски од ВМРО ДПМНЕ, Димитар Апасиев од Левица).

Меѓу преостанатите теми кои не се поврзани со референдумот (околу 1 час и 22 минути) преовладуваат вестите за другите активности на Владата, на различни други субјекти, на граѓаните.

Во текот на 57 минути и 13 секунди од Вестите, гледачите можеа директно да ги слушнат изјавите и ставовите на субјектите за кои се известува. Притоа, најголемо време, од 26 минути и 45 секунди, има за ВМРО ДПМНЕ (околу 15 минути се двете интервјуа во живо, а останатото се изјави од настани и прес конференции). Потоа следуваат претставниците на Владата со 10 минути и 43 секунди; странските политичари со 7 минути 33 секунди; за ставовите на граѓаните се издвоени 3 минути; за различни други

субјекти - 2 минути и 27 секунди; за Демократскиот Сојуз - 1 минута и 28 секунди; за граѓански организации - 1 минута и 17 секунди; СДСМ - 56 секунди; Кризниот штаб „Македонија бојкотира“ – 48 секунди; Левица - 45 секунди; Собрание - 36 секунди; Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ – 28 секунди и ДУИ – 27 секунди.

***Информативна програма***

Емисијата „Алфаскоп-Збор по збор“ има за цел да им овозможи на граѓаните, преку директни јавувања во програмата, да ги изнесат своите ставови за актуелните општествено-политички збиднувања. Во првите девет дена од мониторингот референдумот се јавува како тема поставена во прашањето на емисијата или како реакција на гледачите во седум изданија, кои имаа по една реприза.

***Интервјуа***

Во актуелно-информативната емисија „Отворено“, беа реализирани интервјуа со пет личности од кои еден уредник на дневен весник, а четворица претставници на политички партии со различни ставови во поглед на референдумот. Методолошки е потребно да се одбележи дека емисијата со Димитар Апасиев од Левица била замислена како дебата, но никој не прифатил да ги соочи своите ставови со него. Во изданијата на „Отворено“ кои беа реализирани како интервјуа, имаше одвоени разговори со по двајца соговорници кои имаат различни ставови за референдумските теми.

***Дебати***

Четири изданија на емисијата „Отворено“, емитувани меѓу 10 и 18 септември 2018 година, беа реализирани како дебата. Во две, едната за медиумската кампања, а другата за уставноста и законитоста на референдумот, своите ставови ги вкрстија лица кои се експерти, а во две – претставници на политички партии, Владата или организации.

Во дебатите и интервјуата, ТВ Алфа настојуваше да обезбеди разновидност на ставовите преку изборот на соговорниците.

## ТВ КАНАЛ 5

***Дневно-информативни емисии***

Во извештајниот период од 10 до 18 септември, од мониторингот на медиумското претставување на ТВ Канал 5 за референдумот, опфатен е примерок од девет изданија на централните Вести во 18 часот. Анализирани се 4 часа 9 минути и 25 секунди вкупно време од оваа дневно-информативна емисија, во која најзастапен беше жанрот извештај, потоа вест, соопштенија, изјави, а ретко се емитуваа кратки интервјуа и осврти.

Очекувано најголем дел од времето во централните вести беше одвоено за теми кои се поврзани со Преспанскиот договор и референдумот на 30 септември. За прилозите во кои се известува за јасни ставови/активности да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање, беа издвоени 37 минути и 35 секунди. Тука се опфатени ставовите на владините претставници и изјавите на странските политичари кои доаѓаа во посета на Република Македонија да повикаат да се гласа „ЗА“, пренесениот став на поранешниот претседател Црвенковски, прес-конференцијата на Амди Бајрам итн.

Во 48 секунди во вестите, ставот да се гласа „ПРОТИВ“ е искажан експлицитно само преку изјавата на заменик генералниот-секретар на ВМРО ДПМНЕ, Петар Богојевски на трибината за „Придобивките од членството во ЕУ и НАТО“.

За Бојкот на референдумското изјаснување, издвоени беа 4 минути и 12 секунди преку покривање на активностите на политичката партија Левица, Кризниот штаб „Македонија бојкотира“ и Светскиот македонски конгрес.

Најголем дел од времето одвоено во централниот дневник влегува во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот“ – 1 час 47 минути и 40 секунди. Овде се најзастапени прилозите за посетите на странските политичари и дипломати (27 минути и 32 секунди) кои заедно со владини претставници (23 минути и 34 секунди) на прес-конференции најчесто ги повикуваа граѓаните да излезат и да го искористат своето гласачко право на референдумот.

Важно е да се напомене дека во оваа категорија се кодирани и прилозите за ставовите и активностите на ВМРО ДПМНЕ (20 минути и 18 секунди), во кои најчесто се пренесуваше негативен став за Преспанскиот договор и Владата, но отсуствуваше јасен став на партијата со повик како да се гласа на референдумот или пак да се бојкотира.

Во Другите прилози кои не беа поврзани со референдумот (1 час и 39 минути) влегуваат прилозите за редовните активности на Владата, органите на државната управа, општините и известувањето од тековните судски рочишта (Табела 1).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ Канал 5 | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум – ЗА | | |
| Влада на РМ | 00:12:09 | 32,33% |
| Други субјекти | 00:06:51 | 18,23% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:32 | 22,71% |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:01:15 | 3,33% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:05:44 | 15,25% |
| Граѓани | 00:01:56 | 5,14% |
| Собрание на РМ | 00:01:08 | 3,02% |
| Вкупно за тема: | 00:37:35 | 100% |
| Референдум – ПРОТИВ | | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:48 | 100% |
| Вкупно за тема: | 00:00:48 | 100% |
| Референдум – БОЈКОТ | | |
| Други субјекти | 00:00:24 | 9,52% |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира“ | 00:01:44 | 41,27% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:16 | 6,35% |
| Судство | 00:00:36 | 14,29% |
| Левица | 00:00:36 | 14,29% |
| Граѓански сектор | 00:00:36 | 14,29% |
| Вкупно за тема: | 00:04:12 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:32 | 25,57% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:18 | 18,85% |
| Експерти/аналитичари | 00:10:32 | 9,78% |
| Влада на РМ | 00:23:34 | 21,89% |
| Собрание на РМ | 00:01:23 | 1,28% |
| Алијанса на Албанците | 00:00:18 | 0,28% |
| Левица | 00:00:18 | 0,28% |
| Граѓанска иницијатива „Зачекори напред“ | 00:00:18 | 0,28% |
| Беса (Билал Касами) | 00:00:18 | 0,28% |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира“ | 00:00:18 | 0,28% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:00:18 | 0,28% |
| Други субјекти | 00:07:31 | 6,98% |
| Граѓани | 00:02:44 | 2,54% |
| СДСМ | 00:02:58 | 2,76% |

| | | |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:34 | 1,46% |
| Коментар/осврт | 00:04:25 | 4,10% |
| Претседател на РМ | 00:02:33 | 2,37% |
| АРМ | 00:00:48 | 0,74% |
| Вкупно за тема: | 01:47:40 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Влада на РМ | 00:20:31 | 20,69% |
| Други субјекти | 00:21:39 | 21,83% |
| Граѓански сектор | 00:06:38 | 6,69% |
| Експерти/аналитичари | 00:06:26 | 6,49% |
| Локална самоуправа | 00:06:24 | 6,45% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:10 | 2,18% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:48 | 1,82% |
| Јавно обвинителство | 00:05:15 | 5,29% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:15:23 | 15,51% |
| Без субјекти | 00:02:04 | 2,08% |
| Судство | 00:04:43 | 4,76% |
| Граѓани | 00:02:18 | 2,32% |
| Специјално обвинителство | 00:01:39 | 1,66% |
| Претседател на РМ | 00:01:46 | 1,78% |
| СДСМ | 00:00:26 | 0,44% |
| Вкупно за тема: | 01:39:10 | 100% |
| **Вкупно:** | **04:09:25** | |

Во анализираните изданија на вестите на Канал 5, одвоен е простор за директни обраќања во траење од 54 минути и 11 секунди. Во времето во кое директно гледачите ги слушаа изјавите на субјектите, најзастапена е Владата на РМ со 14 минути и 48 секунди, потоа странските политичари и амбасадори со 14 минути и 42 секунди, ВМРО ДПМНЕ со 7 минути, експерти и аналитичари со 6 минути и 25 секунди и претставници на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ со 4 минути и 36 секунди.

***Дебати***

Во периодот од 10 до 18 септември, ТВ Канал 5 секој работен ден ја емитуваше емисијата „Само вистина“, која најчесто беше реализирана како дебата во која се соочуваат двајца гости со спротивставени ставови. „Само вистина“ се емитува премиерно во 18 часот и 50 минути, со водителките Елизабета Галевска и Мирјана Трпчевска. Овој извештај опфаќа 7 изданија на „Само вистина“ во кои темата на дебатата секогаш беше поврзана со референдумот или пак со Преспанскиот договор.

Во посочените изданија гостуваа претставници на политички партии, експерти и аналитичари кои имаа спротивставени ставови за Преспанскиот договор и распишувањето на референдумот. Евидентна беше заложбата на медиумот во секое издание да им прикаже различни ставови на гледачите за Преспанскиот договор и прашањето на референдумот.

Само изданието на „Само вистина“ емитувано на 13 септември беше реализирано како интервју со националниот координатор за НАТО Стево Пендаровски, иако емисијата била замислена да биде реализирана како дебата - Тимчо Муцунски, советникот за надворешна политика во ВМРО ДПМНЕ првично ја прифатил поканата за учество во емисијата, подоцна откажал поради неодложни обврски.

***Актуелно-информативна програма***

ТВ Канал 5 во својата редовна утринска програма „Здраво Македонијо“ која се емитува секој работен ден, одлучи да постави теми за дискусија со гледачите кои се поврзани со референдумот и Преспанскиот договор. Вакви теми во делот за контакт со гледачи се поставуваа во текот на целиот извештаен период од 10 до 18 септември. Така на 10 септември гледачите со свои ставови се вклучуваа

на темата „Што значеа посетите на Меркел, Столтенберг и Курц во пресрет на референдумот?“, на 11 септември на тема „Ќе замине ли во историјата називот MADE IN MACEDONIA?“, на 12 септември на темата „Битката на референдумот ќе биде цензусот, што очекувате“ итн. Реприз на сите изданија на „Здраво Македонијо“ беа емитувани наредниот ден по 4 часот наутро.

## ТВ СИТЕЛ

### ***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 10 до 18 септември 2018 година, во централниот ТВ Дневник од 19 часот, ТВ Сител емитуваше вкупно 4 часа и 4 минути вести, извештаи и куси облици на интервјуа по повод актуелни општествено-политички настани и теми, а од ова информативно време – 1 час и 32 минути се однесуваа на референдумската агитација на официјални дипломатски претставници било од Европската Унија било од посебни држави, проследена преку основните информативни новинарски жанрови, без да се навлегува и да се инсистира на коментаторска, еспертска или новинарска анализа на поединечните политички ставови во однос на сѐ уште отворените – уставни и идентитетски, прашања од т.н. Преспански договор, како основа за референдумското изјаснување.

Вкупното времетраење на извештаите, пак, во врска со формално организираните облици на кампањата *за позитивен исход* од Референдумот, изнесува само – 9 минути, а со оглед на обемот и на интензитетот, со мала минутажа беа проследени и неформалните граѓански и политички иницијативи *за бојкот* на Референдумот. Бидејќи мониторингот ја вклучи и рубриката за бизнис-вестите, во овој период на мониторингот се евидентирани – 2 часа и 18 минути составени од вести, извештаи, соопштенија и од куси интервјуа за тековните настани и теми од македонската економија и од социјалната политика.

Со ваков информативен приод, ТВ Сител јасно ги одвои ретките организирани облици на кампања и на агитација со стриктна определба за една од опциите на Референдумот, односно - одржа дистанца кон настаните неформално наречени - „дипломатска офанзива“ во прилог на остварувањето на демократското право на референдумски глас. Редакцијата редовно ги следеше и различните политички погледи и ставови кон Референдумот произлезени од внатрепартиското разногласие во опозициската ВМРО ДПМНЕ.

По повод Референдумот за Преспанскиот договор, со фокус врз евро-атлантските интеграции на Република Македонија, во овој извештаен период, беа емитувани две десетминутни интервјуа во рамките на централниот ТВ Дневник: едното со Рејчел Галовеј, амбасадорката на Велика Британија, а другото со Џејмс Апатурај, заменик политички советник на генералниот секретар на НАТО.

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ Сител | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум – ЗА | | |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:05:43 | 62,71% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:50 | 9,14% |
| Други субјекти | 00:01:13 | 13,35% |
| Влада на РМ | 00:01:21 | 14,81% |
| Вкупно за тема: | 00:09:07 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира“ | 00:01:25 | 27,24% |
| Левица | 00:02:09 | 41,35% |
| Граѓани | 00:01:38 | 31,41% |
| Вкупно за тема: | 00:05:12 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:43 | 29,01% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:55 | 17,29% |

| | | |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:25:03 | 27,20% |
| Граѓани | 00:00:42 | 0,76% |
| Експерти/аналитичари | 00:06:13 | 6,75% |
| Претседател на РМ | 00:03:45 | 4,07% |
| Други субјекти | 00:02:46 | 3,00% |
| Локална самоуправа | 00:00:59 | 1,07% |
| Левица | 00:01:06 | 1,19% |
| Граѓански сектор | 00:01:48 | 1,95% |
| ДИК и други органи | 00:02:10 | 2,35% |
| Собрание на РМ | 00:00:43 | 0,78% |
| СДСМ | 00:02:19 | 2,52% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:01:02 | 1,12% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:51 | 0,92% |
| Вкупно за тема: | 01:32:05 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| СДСМ | 00:01:16 | 0,92% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:45 | 13,62% |
| Без субјекти | 00:11:03 | 8,02% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:07 | 2,26% |
| Влада на РМ | 00:56:15 | 40,85% |
| Други субјекти | 00:17:54 | 13,00% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:39 | 2,65% |
| Локална самоуправа | 00:09:17 | 6,74% |
| Граѓани | 00:01:26 | 1,04% |
| Специјално обвинителство | 00:03:04 | 2,23% |
| Граѓански сектор | 00:05:10 | 3,75% |
| Судство | 00:01:34 | 1,14% |
| Јавно обвинителство | 00:02:34 | 1,86% |
| Експерти/аналитичари | 00:01:41 | 1,22% |
| Претседател на РМ | 00:00:57 | 0,69% |
| Вкупно за тема: | 02:17:42 | 100% |
| **Вкупно:** | **04:04:06** | |

Статистички, од вкупното горeприкажано информативно време, близу 45 минути се проследени со т.н. „директно обраќање“ – тонски снимки од настаните од кои се известувало, при што, еднакво време – по 12 минути им се дадени на Владата и на претставниците на меѓународната заедница, а речиси 8 минути се отстапени за обраќања на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

***<u>Актуелно-информативна програма</u>***

Во веќе посочениот деветдневен период од мониторингот, Референдумот беше тема на отворената „граѓанска дебата“ во утринската програма насловена „Ја сакам Македонија“, а анонимните, телефонски, дваесетминутни соочувања преку формата на „отворено студио“, се движеа од – референдумскиот цензус, преку колебливоста на колективниот став на опозициската ВМРО ДПМНЕ, паралелните опозициски и владино-партиски, коалициски народни собири за изразување било афирмативен било противен став во однос на различни аспекти од Преспанскиот договор, потоа - иницијативата за поништување на Референдумот, пред Уставниот суд поднесена од Левица и од Светскиот македонски конгрес, предреферендумскиот говор на премиерот Заев во Европскиот парламент, сè до тематизирање на поделеноста на македонската (музичка) естрада по однос на тековната референдумска кампања.

## ТВ ТЕЛМА

### Дневно-информативни емисии

Информативното проследување на актуелните општествено-политички настани, вклучително и оние што гравитираа околу – Референдумот, во првите девет дена од мониторингот (10 – 18 септември 2018 г.) резултираше со вкупно 3 часа и 18 минути вести, извештаи, изјави и куси облици на интервју, емитувани во централното издание на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути.

Речиси половина од ова информативно време ТВ Телма го посвети на прикажување плуралитет – владини, партиски, дипломатски, правно-политиколошки и граѓански ставови, а статистичката доминатност на категоријата методолошки насловена – „*Други теми во врска со референдумот*", се должи – прво, на дистинкција од прилозите произлезени од информирањето за организираните форми на референдумската кампања (*ретки, со вкупна минутажа од 7 минути, сите во прилог на референдумската определба „ЗА"*), а второ, поради (главно) протоколарните форми и начини на референдумската агитација што се одвиваше низ предоминантните – владино-дипломатски средби. Односно, во вториве тематски определени прилози (*со вкупно времетраење од 1 час и 30 минути*), ТВ Телма се држеше чисто до информативниот пристап (*вести / извештаи / изјави*), немешајќи облици на новинарска аналитика што пред ТВ-публиката би имплицирала некаква редакциска сугестија во однос на понудените референдумски опции -, на тој начин обидувајќи се, колку што е можно, само да ја преслика симболиката на т.н. – „*дипломатска дистанца*", колебливата (не-вербална) комуникациска граница обично формулирана како - „*немешање во демократското право на граѓанинот да гласа по сопствено убедување*". Во прилог на речената - „дипломатска дистанца" оди и тоа што информациите од меѓународните, владино-дипломатски средби, содржински најчесто се држеа до политичките презентации на потенцијалните придобивки од евро-атлантските интеграции на Република Македонија, избегнувајќи ја полемиката околу т.н. „идентитетски прашања" поврзани со Преспанскиот договор.

Насоката кон – прикажување плуралитет политички ставови, ја држеше и новинарскиот пристап што прикажуваше стручни правно-политички мислења, како и редовното известување за внатрепартиското, колективно и индивидуално квалификувано (*изјави / соопштенија / ставови објавени преку Интернет профили*), разногласие во опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Еднаков информативен третман (*1 час и 38 минути*) добија и редовните настани и случувања главно произлезени од економски, социјални, здравствени и од судско-законодавни активности на министерствата и на органите на државната управа, проследени со граѓански и со партиски (ре)акции.

Во рамките на ТВ Дневникот беше емитувано кусо интервју со Ендрју Мекдауел, потпретседателот на Европската инвестициска банка.

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ Телма | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Беса | 00:00:49 | 11,58% |
| Алијанса на Албанците | 00:00:49 | 11,58% |
| Амбасадори / меѓународни организации / странски политичари | 00:00:37 | 8,75% |
| Други субјекти | 00:01:51 | 26,24% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија" | 00:02:57 | 41,84% |
| Вкупно за тема: | 00:07:03 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира" | 00:00:41 | 68,33% |
| Левица | 00:00:19 | 31,67% |
| Вкупно за тема: | 00:01:00 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:13 | 13,30% |
| СДСМ | 00:01:27 | 1,58% |
| Собрание на РМ | 00:02:19 | 2,52% |

| | | |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:24:00 | 26,13% |
| Експерти/аналитичари | 00:07:40 | 8,35% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:31 | 33,22% |
| Други субјекти | 00:05:44 | 6,24% |
| Левица | 00:01:00 | 1,09% |
| Граѓански сектор | 00:01:50 | 2,00% |
| Претседател на РМ | 00:04:21 | 4,74% |
| Граѓани | 00:00:46 | 0,83% |
| | Вкупно за тема: 01:31:51 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Влада на РМ | 00:30:01 | 30,38% |
| Амбасадори / меѓународни организации / странски политичари | 00:03:34 | 3,61% |
| Други субјекти | 00:12:17 | 12,43% |
| Граѓански сектор | 00:08:35 | 8,69% |
| Локална самоуправа | 00:08:17 | 8,38% |
| Собрание на РМ | 00:02:14 | 2,26% |
| Експерти/аналитичари | 00:05:19 | 5,38% |
| Органи на државната управа / јавни претпријатија / јавни установи | 00:07:47 | 7,88% |
| Јавно обвинителство | 00:03:32 | 3,58% |
| Судство | 00:05:26 | 5,50% |
| Граѓани | 00:01:44 | 1,75% |
| Специјално обвинителство | 00:05:15 | 5,31% |
| Без субјекти | 00:02:58 | 3,00% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:49 | 1,84% |
| | Вкупно за тема: 01:38:48 | 100% |
| | **Вкупно: 03:18:42** | |

Во централниот ТВ Дневник, илустрацијата на актуелните настани и случувања со оригинални тонски записи од исказите на претставници на официјални политички институции, односно, методолошки насловените – „директни обраќања", опфати вкупно 41 минута. Близу 25 минути со оваа информативна нијанса беа проследени исказите на Владата и на меѓународната заедница, главно по повод Референдумот, а по 5 минути им беа отстапени на опозициската ВМРО ДПМНЕ и на аналитичарите на т.н. Преспански договор.

***Дебати***

За периодот од 10 до 18 септември 2018 година, евидентирани се четири, едночасовни дебатни изданија на актуелно-информативната емисија „Топ тема". Ставови во врска со Референдумот соочија сегашни и некогашни членови на партиските врхушки на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ (при што, редакцијата го задржа отворениот пристап кон опозициското, на различен начин аргументирано партиско разногласие за мноштво аспекти од Преспанскиот договор), потоа правно-политички експерти, но и испитувачи и аналитичари на домашното јавно мислење.

***Интервјуа***

Терминот за „Топ тема" беше искористен и за три интервјуа по повод Референдумот, и тоа: со Џејмс Апатурај, заменик политички советник на генералниот секретар на НАТО, со Митко Јанчев, потпретседателот на ВМРО ДПМНЕ, а како прилог во политичко-правна дебата беше емитувано и интервју со Федерика Могерини, комесарката за надворешна политика на ЕУ.

Во актуелно-информативната емисија „Вин-Вин" беше направено интервју со Талат Џафери, претседателот на македонското Собрание.

***Актуелно-информативна програма***

На 11 септември, 2018 година, по 23 часот ТВ Телма вршеше дваесетминутен пренос од прес-конференцијата на опозициската ВМРО ДПМНЕ, на која Христијан Мицкоски, претседателот на партијата, го соопшти партискиот став во однос на Референдумот по повод Преспанскиот договор.

## Сателитски телевизии

### ТВ 24 Вести

***Дневно-информативни емисии***

Вкупното времетраење на анализираните прилози во првиот деветдневен извештаен период е 4 часа 32 минути и 30 секунди. Со мониторингот се опфатени вестите емитувани во 17.00 часот. Жанровски доминираат извештаите во анализираните изданија на дневно-информативната емисија на ТВ 24 Вести, а се емитувани и вести, изјави, кратки разговори (интервјуа), соопштенија.

Во деветте изданија на вестите, за прилозите во кои се известува за ставови/активности со одредница да се одговори „За" на референдумското прашање се одвоени 18 минути. Ставот да се излезе на референдумот и да се гласа „Против" се појавува во еден прилог од дневно-информативните емисии на ТВ 24 Вести и истиот јавно го застапува Петар Богојески, заменик генерален секретар на ВМРО ДПМНЕ. За активностите на субјектите коишто го застапуваат ставот „Бојкотирам" во вестите беа одвоени само 21 секунда. Медиумот кратко извести за протестот на граѓанското здружение „Протестирам" одржано пред МАНУ по повод научната расправа во врска со Договорот од Преспа. Четвртата категорија поврзана со референдумот, насловена „Други прилози во врска со референдумот", со траење од 2 часа 4 минути и 9 секунди, како и кај најголем дел од медиумите, временски е најзастапена. Речиси три четвртини од вкупното време на оваа категорија е одвоено за три субјекти: ВМРО ДПМНЕ (32 минути и 45 секунди), Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (31 минута и 34 секунди) и Влада на РМ (24 минути и 4 секунди). Покрај информациите од активностите на најголемата опозициска партија (средби со граѓани, прес-конференции, изјави, учества на дебати), најголем дел во насока на презентирање на јавно искажаниот став, секој граѓанин на претстојниот референдум да постапи по сопствено убедување и на запознавање на јавноста со последиците од Договорот од Преспа, во рамки на вестите на ТВ 24 Вести беа емитувани кратки разговори (интервјуа) со партискиот портпарол, Наум Стоилковски и со потпретседателот на ВМРО ДПМНЕ, Митко Јанчев. Информациите за засилените посети на странските дипломати кои повикуваа да се оствари гласачкото право, се најчестата причина за застапеноста на субјектот странски политичари, а во тој контекст, средбите со странските дипломати, е и застапеноста на владините претставници во рамки на оваа категорија.

„Другите теми што не се поврзани со референдумот" временски се најзастапени меѓу петте категории што се појавуваат на ТВ 24 Вести, и со вкупно времетраење од 2 часа 8 минути и 38 секунди зафаќаат речиси една половина од вкупното времетраење на дневно-информативните емисии. Прилозите за редовните активности на владините претставници (неповрзани со референдумот) се најзастапени во оваа категорија (речиси 32 минути).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ 24 Вести | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:59 | 5,46% |
| Влада на РМ | 00:00:59 | 5,46% |

| | | |
|---|---|---|
| Алијанса на Албанците | 00:00:53 | 4,90% |
| Беса (Билал Касами) | 00:00:53 | 4,90% |
| Граѓанска иницијатива „Зачекори напред“ | 00:00:45 | 4,16% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:23 | 7,68% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:09:08 | 50,69% |
| Други субјекти | 00:03:01 | 16,74% |
| | Вкупно за тема: 00:18:01 | 100% |
| Референдум - ПРОТИВ | | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:21 | 100% |
| | Вкупно за тема: 00:01:21 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Граѓански сектор | 00:00:21 | 100% |
| | Вкупно за тема: 00:00:21 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Влада на РМ | 00:24:04 | 19,39% |
| Собрание на РМ | 00:01:34 | 1,26% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:32:45 | 26,38% |
| ДИК и други органи | 00:02:27 | 1,97% |
| СДСМ | 00:00:22 | 0,30% |
| Експерти/аналитичари | 00:11:04 | 8,91% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:31:34 | 25,43% |
| Претседател на РМ | 00:04:16 | 3,44% |
| Граѓански сектор | 00:00:37 | 0,50% |
| Левица | 00:01:45 | 1,41% |
| Судство | 00:01:45 | 1,41% |
| Други субјекти | 00:09:54 | 7,97% |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:42 | 0,56% |
| Граѓани | 00:01:20 | 1,07% |
| | Вкупно за тема: 02:04:09 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Влада на РМ | 00:31:57 | 24,84% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:43 | 8,33% |
| Локална самоуправа | 00:08:22 | 6,50% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:10 | 2,46% |
| Други субјекти | 00:23:39 | 18,39% |
| Судство | 00:17:40 | 13,73% |
| Специјално обвинителство | 00:04:59 | 3,87% |
| Јавно обвинителство | 00:05:13 | 4,06% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:11 | 1,70% |
| Граѓански сектор | 00:06:58 | 5,42% |
| Експерти/аналитичари | 00:07:46 | 6,04% |
| Граѓани | 00:05:40 | 4,41% |
| Собрание на РМ | 00:00:20 | 0,26% |
| | Вкупно за тема: 02:08:38 | 100% |
| | **Вкупно: 04:32:30** | |

Временската застапеност на директните обраќања на субјектите го следи редоследот од категоријата „Други прилози во врска со референдумот“: ВМРО ДПМНЕ (15 минути и 15 секунди) како резултат на двата разговора емитувани во живо во вестите, Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (11 минути и 33 секунди) поради нивните засилени посети во очи на референдумот и изјавите по средбите со владините претставници, Влада на РМ (7 минути и 22 секунди). Позначителен простор за изворно обраќање до гледачите е одвоен и за презентација на ставовите на експертите и аналитичарите што ги следат предреферендумските случувања (6 минути и 46 секунди), на

Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ (5 минути и 40 секунди) и др. Вкупното времетраење на директните обраќања во анализираните прилози на ТВ 24 Вести, поврзани со референдумот, е 55 минути и 6 секунди.

### *Дебати*

Во првиот извештаен период, премиерно се емитувани вкупно 6 дебатни емисии, три во рамки на емисијата „24 Анализа“ и исто толку во „Отворено студио“. Четири од дебатните емисии, заклучно со 18 септември, вкупно беа 11 пати репризирани. Во првиот извештаен период, дебатите се отворени за презентација на различните ставови во врска со референдумот. Ставот „За“ низ емисиите го бранат претставници на Коалицијата „Заедно За европска Македонија“, но и експерти, аналитичари. Официјалниот став на најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ, секој граѓанин на претстојниот референдум да постапи по сопствено убедување и пораките за штетноста од Договорот постигнат со Грција, во дебатните емисии ги застапуваа претставници на партијата и членови на пошироката парламентарна коалиција, како и експерти. Простор во дебатните емисии имаше и за претставниците на ВМРО ДПМНЕ коишто јавно застапуваа поразлични мислења од официјално искажаниот партиски став. Гостуваа претставници на партијата коишто повикуваа да се излезе на референдумот и да се гласа „Против“ како и претставници коишто го застапуваа ставот целосно да се бојкотира претстојното изјаснување. Дел од дебатните емисии беа и експерти, аналитичари, како и странски претставници коишто даваа свои видувања на состојбите.

### *Интервјуа*

Во врска со референдумот и Спогодбата од Преспа потпишана со Република Грција, во периодот од 10 до 18 септември, беа емитувани неколку интервјуа. Во рамки на емисијата „24 Анализа“ беше емитувано интервју со претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицковски. Во текот на извештајниот период разговорот беше уште три пати репризиран. Се емитуваше интервју со академик Таки Фити, претседател на МАНУ, дадено за Радио Слободна Европа, коешто уште еднаш беше репризирано. Во рамки на емисијата „Фактор Магазин“ беа емитувани интервјуа со Александар Николовски, потпретседател на ВМРО ДПМНЕ и со Весна Поповска, докторант на Воената академија. „Фактор магазин“ беше репризиран уште еднаш.

### *Информативна програма*

Вкупно 12 премиерни изданија на информативно-контактните емисии „Во тек“ и „Очи в очи“ беа реализирани на теми поврзани со референдумот и Спогодбата од Преспа. На одредени подтеми коишто произлегуваат од овие настани, медиумот преку јавувања на гледачи во живо, непосредно ги пренесуваше различните размислувања на граѓаните поврзани со овие прашања. Беа емитувани и 4 репризи на дел од емисиите.

## ТВ Сонце

### *Дневно-информативни емисии*

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на ТВ Сонце, во првиот извештаен период (од 10 до 18 септември) произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 18 часот. Со анализата беа опфатени вкупно 2 часа и 23 минути од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен беше жанрот вести.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со јасна одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање беа издвоени нешто повеќе од 3 минути. Тоа беше прилогот со соопштението на поранешниот Претседател на Република Македонија Бранко Црвенковски, кој изјави дека ќе гласа ЗА на Референдумот, како и сличната изјава на Претседателот на Косово, Хашим Тачи. Ставот „Бојкотирам“ се појави во текот на 7 минути и 39 секунди (во прилози за активностите на Светскиот Македонски Конгрес и на Македонска Алијанса). Најголемиот дел од прилозите влегуваат во категоријата „Други прилози во врска со референдумот“ – 1 час 3 минути и 42 секунди. Овде беа најзастапени извештаите од посетите на странските политичари на Македонија (21 минута). Во оваа категорија се вметнати и прилозите за неутралниот став на ВМРО ДПМНЕ: секој граѓанин да постапи по свое убедување.

Во Другите прилози кои не беа поврзани со референдумот (1 час 8 минути и 29 секунди), доминираа информации за актуелни теми од секојдневниот живот. (Табела 1).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ Сонце | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Други субјекти | 00:01:27 | 44,85% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:47 | 55,15% |
| | Вкупно за тема: 00:03:14 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Други субјекти | 00:02:24 | 31,37% |
| Македонска алијанса | 00:05:15 | 68,63% |
| | Вкупно за тема: 00:07:39 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:33 | 21,27% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:00:37 | 0,97% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:32 | 16,54% |
| Влада на РМ | 00:13:01 | 20,43% |
| Македонска алијанса | 00:09:42 | 15,23% |
| Претседател на РМ | 00:00:41 | 1,07% |
| Други субјекти | 00:07:10 | 11,25% |
| Граѓани | 00:01:21 | 2,12% |
| Експерти/аналитичари | 00:02:13 | 3,48% |
| Собрание на РМ | 00:01:23 | 2,17% |
| ДИК и други органи | 00:03:29 | 5,47% |
| | Вкупно за тема: 01:03:42 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:28 | 7,98% |
| Други субјекти | 00:09:28 | 13,82% |
| Судство | 00:08:22 | 12,22% |
| Влада на РМ | 00:21:30 | 31,39% |
| Граѓански сектор | 00:01:44 | 2,53% |
| Локална самоуправа | 00:09:42 | 14,16% |
| Специјално обвинителство | 00:03:17 | 4,79% |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 1,46% |
| Македонска алијанса | 00:04:07 | 6,01% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:43 | 3,97% |
| АРМ | 00:01:08 | 1,65% |
| | Вкупно за тема: 01:08:29 | 100% |
| | **Вкупно: 02:23:04** | |

Во првите 9 дена од кампањата, на ТВ Сонце немаше многу директни обраќања (нешто повеќе од 23 минути). Доминираа директните обраќања на Владата на Република Македонија (33.45%), на категоријата Други субјекти (22.64%) – во која влегоа изјавите на академиците Владо Поповски и Владо

Камбовски, на Претседателот на МАНУ, Таки Фити, како и на Претседателот на Светскиот Македонски Конгрес, Тодор Петров. По неколку минути беа издвоени и за изјавите на претставниците на ВМРО ДПМНЕ и на странските политичари кои ја посетија Македонија.

***Информативна програма***

Во извештајниот период секојдневно беше емитувана емисијата „Јади бурек", а секој нареден ден таа имаше и по две репризни изданија. Освен едно издание на емисијата, сите други емисии беа посветени на претстојниот Референдум и активно беа вклучени и граѓаните преку нивните телефонски јавувања и дебатирања на оваа тема.

Беа емитувани и 8 изданија на емисијата „Македонија мајка на светот", во кои темата беше идентитетска смрт на Македонија на рати и во сите емисии (некои беа и репризи) гостин беше професорот Блаже Принзевски.

ТВ Сонце ја емитуваше и емисијата „Дијалози за Македонија", со гостинот Ангел Иванов, колумнист, како и 3 нејзини репризни изданија. Темата на емисијата беше Референдумот.

## НАША ТВ

Во првиот извештаен период (од 10 до 18 септември) на ТВ НАША не беа емитувани дневно-информативни емисии, ниту пак, посебни информативни програми поврзани со Референдумот.

# Кабелски телевизии

## 1 ТВ

***Дневно-информативни емисии***

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на 1 ТВ, во првиот извештаен период (од 10 до 18 сепетмври) произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 20 часот. Со анализата се опфатени вкупно 4 часа од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен е жанрот извештај, потоа има интервјуа, изјави, соопштенија, повремено има вести, а ретко осврти.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со јасна одредница да се одговори „ЗА" на референдумското прашање се издвоени речиси 26 минути. Ставот „Бојкотирам" се појавува во текот на 17 секунди (во прилог за научната расправа на тема „Спогодбата од Преспа: меѓународно значење и импликации врз евро-атлантските интеграции на Република Македонија", во кој се информираше и за протестот пред МАНУ на приврзаници на тезата за бојкот на референдумот). Нема прилози со став „Против".

Најголемиот дел од прилозите влегуваат во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот" – околу 1 час и 52 минути. Овде се најзастапени извештаите од посетите на странските политичари на Македонија (34 ипол минути): овде влегуваат прилозите за оние изјави на странските политичари кои се формулирани како повикување да се гласа на референдумот или во кои се нагласуваат можностите за влез на Македонија во евро-атлантските интеграции. Неретко се пренесуваа и изјави на

грчки политичари од власта и опозицијата за Преспанскиот договор, а кои се позитивни во македонски контекст (грчкиот парламент „има сили“ да го ратификува договорот, пријава против грчкиот министер за одбрана Панос Каменос бидејќи ширел омраза кон Македонците, која грчка партија го „предала македонскиот јазик“ и сл.). Во оваа категорија се кодирани и прилозите за ставот на ВМРО ДПМНЕ – секој граѓанин да постапи по сопствено убедување, како и на оние членови на партијата кои имаат поразличен став и изјавите од прес конференциите на оваа партија (вкупно околу 23 минути).

1 ТВ позитивно ги врамува прилозите поврзани со референдумот што е евидентно пред сè по тоа што најчесто се пренесуваат ставови на соговорници кои се наклонети кон успехот на референдумот и кон Договорот од Преспа.

Во Другите прилози кои не се поврзани со референдумот (1 час и 42 ипол минути), честопати како тема се појавува работата на судството (Табела 1).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | 1 ТВ | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Други субјекти | 00:06:02 | 23,37% |
| Експерти/аналитичари | 00:01:30 | 5,81% |
| Граѓанска иницијатива „Зачекори напред“ | 00:00:42 | 2,71% |
| Влада на РМ | 00:08:27 | 32,73% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:32 | 21,43% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:16 | 1,03% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:01:33 | 6,00% |
| Собрание на РМ | 00:01:47 | 6,91% |
| Вкупно за тема: | 00:25:49 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Граѓани | 00:00:17 | 100% |
| Вкупно за тема: | 00:00:17 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Експерти/аналитичари | 00:11:08 | 9,97% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:34 | 30,96% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:37 | 20,25% |
| Влада на РМ | 00:12:47 | 11,45% |
| Други субјекти | 00:14:31 | 13,00% |
| Граѓани | 00:01:19 | 1,18% |
| Собрание на РМ | 00:00:49 | 0,73% |
| Коментар/осврт | 00:03:35 | 3,21% |
| Претседател на РМ | 00:01:39 | 1,48% |
| ДИК и други органи | 00:01:00 | 0,90% |
| Левица | 00:00:16 | 0,24% |
| Судство | 00:06:23 | 5,72% |
| СДСМ | 00:01:02 | 0,93% |
| Вкупно за тема: | 01:51:40 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Други субјекти | 00:32:09 | 31,35% |
| Локална самоуправа | 00:04:47 | 4,66% |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:01:07 | 1,09% |
| Граѓани | 00:04:28 | 4,36% |
| Влада на РМ | 00:07:29 | 7,30% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:24 | 0,39% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:49 | 2,75% |
| Граѓански сектор | 00:12:05 | 11,78% |
| Судство | 00:10:56 | 10,66% |
| Јавно обвинителство | 00:07:16 | 7,09% |

| | | |
|---|---|---|
| Коментар/осврт | 00:06:37 | 6,45% |
| Специјално обвинителство | 00:09:31 | 9,28% |
| Експерти/аналитичари | 00:02:55 | 2,84% |
| | Вкупно за тема: 01:42:33 | 100% |
| | **Вкупно: 04:00:19** | |

Една од одликите на Вестите на 1 ТВ се интервјуата што во значајна мера се одразува врз структурата на директните обраќања кои траат вкупно 54 минути и 8 секунди. Во времето во кое можеше изворно да се чујат субјектите, најзастапени се странските политичари - 15 минути и 23 секунди, потоа Владата со 11 минути и 37 секунди, ВМРО ДПМНЕ со 9 минути и 8 секунди, експертите и аналитичарите – 8 минути и 11 секунди, други субјекти (професори, академици и сл.) – 7 минути, претставници на судството - 1 минута и 41 секунда, Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ – 39 секунди и претседателот на Собранието на РМ со 29 секунди.

Покрај обраќањата и изјавите од настани и прес-конференции, во овие времиња влегуваат делови од интервјуа, обично реализирани во „Отворено студио 1“. Меѓу личностите чии делови од интервјуа (поврзани со референдумот) се објавени и во вестите, се германскиот министер за Европа Михаел Рот (сегменти се објавени во три изданија на Вестите), Костадин Богданов од Иницијативата за реформи на ВМРО ДПМНЕ, универзитетскиот професор и историчар Лазар Лазаров, академик Ѓорѓи Филиповски, Бојан Маричиќ, советник на премиерот Заев и раководител на техничкиот тим што ќе ги подготвува и спроведува преговорите со ЕУ, експертот за ЕУ Драган Тилев. Интервју во живо во Вестите беше реализирано со професорот на Правен факултет Мишо Докмановиќ, а во еден прилог имаше и снимен разговор со аналитичарот Петар Арсовски.

***<u>Информативна програма</u>***

На 10 септември започнува секојдневно, во периодот од 14 до 23 часот, да се емитува информативно-забавниот блок „Отворено студио 1“. Референдумот како најактуелен политички процес во Република Македонија континуирано се разработува, било како главна било како споредна тема, во различни сегменти од сите емисии од 10 до 18 септември.

Во едно од изданијата, делот наменет на контакт со гледачите насловен „Една минута на 1 ТВ“, беше посветен на референдумот. Имено, во него граѓаните беа повикани да се изјаснат за тоа - дали Уставниот суд треба со времена мерка да го стопира одржувањето на референдумот?

***<u>Интервјуа</u>***

Во првите девет дена од мониторингот, беа реализирани 15 интервјуа во кои се зборува за референдумот и тоа со претставници на ВМРО ДПМНЕ, на власта, експерти, академици, професори, граѓански активисти итн. Понекогаш разговорите се водеа со повеќе личности одеднаш, но тие не можат жанровски да се подведат под дебати зашто немаше сопоставување ниту спротивставување на ставовите меѓу соговорниците. Најголемиот дел од разговорите реализирани во првите девет дена од мониторингот беа со личности кои имаат благонаклонет став кон референдумот.

***<u>Забелешка</u>***: По 15 септември песната „отворено писмо“ на раперот Слаткаристика, во која тој изнесува став за поддршка на референдумот, се емитуваше како „Хит на денот“, по осум пати дневно.

## КОМПАНИ 21- М

***Дневно-информативни емисии***

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на КОМПАНИ 21-М, во првиот извештаен период (од 10 до 18 септември) произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 18.30 часот. Со анализата беа опфатени вкупно 3 часа од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен беше жанрот вести, а имаше и изјави и извештаи.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со јасна одредница да се одговори „ЗА“ на референдумското прашање беа издвоени речиси 43 минути. КОМПАНИ 21-М најмногу известуваше за активностите на ДПА (18.08%), потоа на ДУИ (14.86%), и на Владата на Република Македонија со 11.72%. Тука беше вметната и поддршката на Референдумот од страна на поранешниот Претседател на Република Македонија, Бранко Црвенковски (внесено во „Други субјекти“), поддршката на Референдумот од страна на Градоначалникот на Струга, Рамиз Мерко (внесено во „Локална самоуправа“), како и изјавите на граѓаните на маршот за Референдумот.

Ставот „Бојкотирам“ се појави во текот на 5 минути и 30 секунди (во прилози за активностите на партијата Левица, како и на Кризниот штаб „Македонија бојкотира“), а беше пренесен и ставот за бојкот на Антонио Милошоски (ВМРО ДПМНЕ), објавен на Фејсбук.

Во категоријата „Други прилози во врска со референдумот“ влегоа околу 47 минути. Овде беа најзастапени извештаите од посетите на странските политичари на Македонија (36.23%), кои посетата ја користеа за да повикаат да се излезе на Референдумот. Во оваа категорија се вметнати и прилозите за неутралниот став на ВМРО ДПМНЕ, според кој секој граѓанин треба да постапи по свое убедување во врска со Референдумот (26.77%). Во четири изданија на Вестите беше емитувана следната информација: „Ниедна партија денеска немаше митинг против Референдумот“ и од тие причини се појавува ставката „Без субјекти“.

Најголемиот дел од прилозите влегуваат во категоријата „Други прилози кои не беа поврзани со референдумот“ (1 час и 24 минути), во кои често како тема се појавуваше работата на судството односно одредени актуелни судски постапки (Табела 1).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ 21 - М | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Референдум - ЗА** | | |
| Алијанса на Албанците | 00:04:18 | 10,01% |
| Беса (Билал Касами) | 00:03:04 | 7,14% |
| СДСМ | 00:04:52 | 11,33% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:23 | 14,86% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:46 | 18,08% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:43 | 10,98% |
| Други субјекти | 00:00:48 | 1,86% |
| Влада на РМ | 00:05:02 | 11,72% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:02:52 | 6,67% |
| Локална самоуправа | 00:00:54 | 2,10% |
| Граѓани | 00:01:09 | 2,68% |
| Собрание на РМ | 00:01:06 | 2,56% |
| Вкупно за тема: | 00:42:57 | 100% |
| **Референдум - БОЈКОТ** | | |
| Кризен штаб „Македонија бојкотира“ | 00:04:22 | 79,39% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:31 | 9,39% |
| Левица | 00:00:37 | 11,21% |
| Вкупно за тема: | 00:05:30 | 100% |
| **Други прилози во врска со референдумот** | | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:36 | 26,77% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:03 | 36,23% |

| | | |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:03:18 | 7,01% |
| Влада на РМ | 00:08:59 | 19,09% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:12 | 0,42% |
| Беса (Билал Касами) | 00:00:12 | 0,42% |
| Алијанса на Албанците | 00:00:12 | 0,42% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:12 | 0,42% |
| Без субјекти | 00:00:47 | 1,66% |
| Други субјекти | 00:03:33 | 7,54% |
| | Вкупно за тема: 00:47:04 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Влада на РМ | 00:23:38 | 28,13% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:43 | 12,76% |
| Други субјекти | 00:11:44 | 13,97% |
| АРМ | 00:00:40 | 0,79% |
| Граѓански сектор | 00:03:42 | 4,40% |
| Локална самоуправа | 00:09:21 | 11,13% |
| Граѓани | 00:07:29 | 8,91% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:38 | 7,90% |
| Јавно обвинителство | 00:00:32 | 0,63% |
| Судство | 00:08:23 | 9,98% |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:01:10 | 1,39% |
| | Вкупно за тема: 01:24:00 | 100% |
| | **Вкупно: 02:59:31** | |

Во првите 9 дена од кампањата, на КОМПАНИ 21-М доминираа директните обраќања на странските политичари (25.11%), потоа на Владата на Република Македонија (20.67%), и на изјавите на политичарите од ВМРО ДПМНЕ (14.29%). Имаше директни обраќања на претставници од сите партии од албанскиот блок, како и на Кризниот штаб „Македонија бојкотира".

***Информативна програма***

Во извештајниот период беа емитувани 5 изданија на емисијата „10 минути", во кои за Референдумот зборуваа: Владо Камбовски, Владо Поповски, Нано Ружин, Стојан Андов, Бујар Османи, Радмила Шеќеринска, министерот за надворешни работи на Албанија, Дитмир Бушати, државниот секретар на Норвешка, Аудун Халворсен, како и Секретарот за одбрана на САД, Џемс Матис.

***Дебати***

Во првите девет дена од мониторингот, на КОМПАНИ 21-М беа емитувани две изданија на емисијата „Клик Плус", во кои на темата Референдум 2018 дебатираа: Зијадин Села, Мендух Тачи, како и аналитичарите: Алберт Муслиу, Џелал Незири, Исмет Рамадани, Илбер Села и Мухамед Халили. Беа емитувани и по две репризни изданија на емисиите.

***Интервјуа***

Во рамките на емисијата „Клик Плус" беа емитувани интервјуа со: министерот за надворешни работи на РМ, Никола Димитров, со Љубомир Фрчковски, со европратеникот Јосип Јуратовиќ и со Билал Касами од Беса. Темата на сите интервјуа беше Референдумот, Преспанскиот договор и аспирациите на Република Македонија кон ЕУ и НАТО.

## ТВ КЛАН МАКЕДОНИЈА

### *Дневно-информативни емисии*

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за референдумот на КЛАН МАКЕДОНИЈА, во првиот извештаен период (од 10 до 18 септември) произлегуваат од примерок од девет изданија на централните Вести во 18.30 часот. Со анализата беа опфатени вкупно 3 часа и 4 минути од оваа дневно-информативна емисија, при што најзастапен беше жанрот извештај, а имаше и изјави, соопштенија и вести.

За прилозите во кои се известува за ставови/активности со јасна одредница да се одговори „ЗА" на референдумското прашање беа издвоени 35 ипол минути. КЛАН МАКЕДОНИЈА најмногу известуваше за активностите на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија", а остатокот од времето го посвети на сите партии од албанскиот блок. Ставот „Бојкотирам" се појави во текот на 43 секунди (во прилог за активностите на партијата Левица). Најголемиот дел од прилозите влегуваат во категоријата „Други прилози во врска со референдумот" – околу 1 час 44 минути и 13 секунди. Овде беа најзастапени извештаите од посетите на странските политичари на Македонија (31 ипол минута), кои посетата ја користеа за да повикаат да се гласа на референдумот како нешто најдобро за иднината на Македонија, а беа пренесувани и ставови на грчките политичари за Преспанскиот договор. Во оваа категорија се вметнати и прилозите за неутралниот став на ВМРО ДПМНЕ: секој граѓанин да постапи по свое убедување.

Во Другите прилози кои не беа поврзани со референдумот (44 минути и 18 секунди), честопати како тема се појавуваше работата на судството односно одредени судски постапки (Табела 1).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ Клан Македонија | |
|---|---|---|
| Тема | Траење | Процент |
| Референдум - ЗА | | |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија" | 00:14:49 | 42,33% |
| Собрание на РМ | 00:00:51 | 2,43% |
| Беса (Билал Касами) | 00:02:48 | 8,00% |
| Алијанса на Албанците | 00:04:05 | 11,67% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:02:23 | 6,81% |
| Влада на РМ | 00:01:22 | 3,90% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:14 | 12,10% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:02 | 8,67% |
| Други субјекти | 00:01:26 | 4,10% |
| Вкупно за тема: | 00:35:00 | 100% |
| Референдум - БОЈКОТ | | |
| Левица | 00:00:43 | 100% |
| Вкупно за тема: | 00:00:43 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:31:47 | 30,50% |
| Собрание на РМ | 00:04:19 | 4,14% |
| Граѓански сектор | 00:02:35 | 2,48% |
| Граѓани | 00:07:47 | 7,47% |
| Експерти/аналитичари | 00:13:21 | 12,81% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:30 | 13,91% |
| Влада на РМ | 00:16:28 | 15,80% |
| СДСМ | 00:00:57 | 0,91% |
| Други субјекти | 00:06:39 | 6,38% |
| Локална самоуправа | 00:01:13 | 1,17% |
| ДИК и други органи | 00:00:45 | 0,72% |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:52 | 3,71% |
| Вкупно за тема: | 01:44:13 | 100% |

| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:13:27 | 30,36% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:52 | 31,30% |
| Локална самоуправа | 00:02:41 | 6,06% |
| Влада на РМ | 00:07:42 | 17,38% |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:20 | 5,27% |
| Граѓани | 00:02:24 | 5,42% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:52 | 4,21% |
| | Вкупно за тема: 00:44:18 | 100% |
| | **Вкупно: 03:04:14** | |

Во првите 9 дена од кампањата, на КЛАН МАКЕДОНИЈА доминираа директните обраќања на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија" (16.35%), на Владата на Република Македонија (13.92%), на експертите/аналитичарите (13.37%), како и на странските политичари кои допатуваа во Македонија за да лобираат за Референдумот (11.86%).

Сите политички партии од албанскиот блок имаа одреден процент директни обраќања, а значаен дел беше посветен и на обраќањата на ВМРО ДПМНЕ (8.51%).

***Интервју***

Во првите девет дена од мониторингот, на КЛАН МАКЕДОНИЈА беше емитувано едно интервју, во рамките на емисијата „ОПИНИОН" на 11 септември. Интервју со лидерот на ДУИ, Али Ахмети, во кое тој, меѓу другото, зборуваше и за претстојниот Референдум.

## ТВ ШЕЊА

***Дневно-информативни емисии***

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување на референдумот на ТВ Шења, произлегуваат од примерок од девет изданија на централните вести во 18 часот и 55 минути емитувани во периодот од 10 до 18 септември. Со оваа анализа беа опфатени вкупно 3 часа и 22 минути од дневно-информативната емисија, при што во вестите беше најзастапен жанрот извештај, вест, соопштенија и изјави.

Медиумот за овој извештаен период издвоил 44 минути и 27 секунди за прилозите во кои јасно се пренесуваат активности и ставови за гласање „ЗА" на референдумското прашање. Најголем дел од времето заземаат прилозите каде што се покриваат активностите на Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија", изјавите од владините прес-конференции со странските политичари кои повикуваа да се гласа ЗА на референдумот како и активностите на партиите од албанскиот политички блок, ДПА, Алијанса на Албанците и Беса. Иако активностите на политичките субјекти кои повикуваа на бојкот и на гласање против се опфатени во помал обем и на други медиуми, ТВ Шења одлучи таквите активности воопшто да не ги покрива во централното издание на албански јазик. Прилозите со активности/ставови на ВМРО ДПМНЕ – секој граѓанин да постапи по сопствено убедување, се кодирани во методолошката категорија „Други прилози во врска со референдумот". За ваквите прилози во вестите беше одвоено најмногу време, 1 час и 38 минути, од кои значително време отпаѓа на прилозите за посетите и средбите на странските политичари на Република Македонија, извештаите од нивните прес-конференции, како и соопштенијата од средбите со претставниците на политичкиот врв во државата. Активностите на претставниците на Владата на РМ се

покриени во 28 минути и 27 секунди, а пак за ставовите и активностите на ВМРО ДПМНЕ одвоени се 9 минути и 20 секунди.

Кај другите прилози што не се поврзани со референдумот (1 час), се појавуваа теми кои се дел од редовните активности на државната управа, работата на министерствата, локалната самоуправа, судството итн. (Табела 1).

| Табела 1: Структура на субјектите по теми | ТВ Шења | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Референдум - ЗА | | |
| Други субјекти | 00:03:07 | 7,01% |
| Коалиција „Заедно ЗА европска Македонија“ | 00:14:33 | 32,73% |
| Алијанса на Албанците | 00:03:46 | 8,47% |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:49 | 15,34% |
| Влада на РМ | 00:03:33 | 7,99% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:18 | 16,42% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:05:21 | 12,04% |
| Вкупно за тема: | 00:44:27 | 100% |
| Други прилози во врска со референдумот | | |
| Влада на РМ | 00:28:27 | 29,01% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:41:09 | 41,96% |
| Собрание на РМ | 00:01:55 | 1,95% |
| Граѓански сектор | 00:05:59 | 6,10% |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:20 | 9,52% |
| СДСМ | 00:00:26 | 0,44% |
| Други субјекти | 00:04:39 | 4,74% |
| Претседател на РМ | 00:00:31 | 0,53% |
| Беса (Африм Гаши) | 00:04:49 | 4,91% |
| ДИК и други органи | 00:00:49 | 0,83% |
| Вкупно за тема: | 01:38:04 | 100% |
| Други теми (што не се поврзани со референдумот) | | |
| Влада на РМ | 00:18:49 | 31,45% |
| Локална самоуправа | 00:02:23 | 3,98% |
| Други субјекти | 00:07:55 | 13,23% |
| Судство | 00:12:33 | 20,97% |
| Јавно обвинителство | 00:02:26 | 4,07% |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:00 | 15,04% |
| Граѓански сектор | 00:01:31 | 2,53% |
| Без субјекти | 00:05:13 | 8,72% |
| Вкупно за тема: | 00:59:50 | 100% |
| **Вкупно:** | **03:22:21** | |

ТВ Шења во централните вести одвои 48 минути и 36 секунди за директни обраќања. Во времето кога може изворно да се слушнат ставовите на различните субјекти во вестите, најзастапени се странските политичари и амбасадори (14 минути и 37 секунди) и владините претставници (14 минути и 32 секунди). Најчесто се работи за изјави од заеднички прес-конференции, посети на градови и упатени пораки до граѓаните на Република Македонија во врска со Преспанскиот договор и изјаснувањето на референдумот. Коалицијата „Заедно ЗА европска Македонија“ во вестите има директни обраќања во траење од 4 минути и 35 секунди, како резултат од покривањето на обраќањата кон граѓаните на Али Ахмети, Зоран Заев, Радмила Шеќеринска и други политичари кои се дел од оваа коалиција.

### *Информативна програма*

ТВ Шења за време на овој период од 10 до 18 септември емитуваше само две изданија на актуелно информативната емисија – Отворено студио. Првата беше емитувана премиерно на 12 септември во 20 часот и 40 минути, дебата на тема поврзана со Референдумот и неговата организација, на која дебатираа националниот координатор за НАТО, Стево Пендаровски, Џабир Дерала од ЦИВИЛ и Љупчо Петковски од ЕУРОТИНК. Реприза на ова издание на Отворено студио беа емитувани следниот ден во 2 часот и во 13 часот.

Второто издание на Отворено студио беше реализирано на 14 септември, во 20 часот и 40 минути како интервју со претседателот на БЕСА, Африм Гаши, каде тој ги образложуваше причините зошто треба да се гласа ЗА на референдумот и за улогата на БЕСА во владината коалиција. Репризни изданија на ова интервју беа емитувани на 15 септември во 3 часот и во 12 часот.

## Радија на државно ниво

## РАДИО КАНАЛ 77

### *Дневно-информативни емисии*

Во периодот што беше предмет на мониторинг (10 до 18 септември) медиумот емитуваше кратки вести од понеделник до петок, на секој час почнувајќи од 7 до 21 часот. Обемот на емитуваните вести не беше доволен за анализа.

### *Информативна програма*

Радио Канал 77 во првиот извештаен период емитуваше две изданија на актуелно-информативната говорна шоу програма *Стадион* со водителот Столе Наумов. Изданијата емитувани на 11 и 13 септември беа реприза на емисијата која премиерно била емитувана на 8 септември со Јулиана Николовска – пратеничка од ЛДП, Иван Јорданов – ВМРО ДПМНЕ, Трајан Гоцевски – прв министер за одбрана на РМ и аналитичарот Тодор Пендаров. Теми на разговор во емисијата беа „Зошто претходниците немаа храброст да го решат проблемот со името? и Дали е ова историска посета на Меркел и што треба да значи нејзината посета?“.

На 15 септември во 10 часот беше емитувано второто издание на *Стадион* во кое се дискутираше за „Договорот со Грција (воедно и договорот со Бугарија), од аспект на историјата и кои би биле последиците од договорот, како и за тоа, што всушност ќе биде работата на интердисциплинарниот Комитет на експерти за историски, археолошки и образовни прашања меѓу Македонија и Грција“. Во студиото гостуваа Ирена Стефовска – пратеничка и историчарка и Зеќир Рамчиловиќ – пратеник. Во текот на емисијата имаше директно јавување од Драги Ѓоргиев – директор на Институтот за национална историја и претседател на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања помеѓу Македонија и Бугарија и Ванчо Ѓоргиев - историчар. Реприза на ова издание на емисијата Стадион беа емитувани на 18 и 20 септември.